КОАЛИЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

# 2019
# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА ЗА 2019

СКОПЈЕ, ЈУНИ 2020 ГОДИНА

**Издавач:** Коалиција на здруженија на граѓани
Сите за правично судење
Ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје
Тел/Факс: +389 2 6139874
E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Web: **www.all4fairtrials.org.mk**

**За издавачот:** Натали Петровска,
Извршна директорка

**Автор:** Национална канцеларија на
Коалиција Сите за правично судење

**Уредник:** Натали Петровска,
Ивана Петковска,

**Обработка:** Даниел Митковски

**Дизајн и печат:** Графохартија

**Тираж:** 100

Овој извештај е подготвен од Коалиција Сите за правично судење со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Citizens for change!

Содржината е единствена одговорост на Коалиција Сите за правично судење и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

# СОДРЖИНА

ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ ........ 1

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2019 ГОДИНА ........ 2

Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации ........ 2

Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р. Северна Македонија ........ 3

Мониторинг и зајакнување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција ........ 3

Институционален грант – Цивика мобилитас ........ 4

„До заробената држава" во Северна Македонија – судство, обвинителство, полиција ........ 5

„КСПС Судско досие" ........ 5

„Поддршка на имплементацијата на Националната стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 (модул судски мониторинг)" ........ 6

„Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса" ........ 7

„За правда - Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2019 – 2020" ........ 7

УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СРЕДБИ ЗА 2019 ГОДИНА ........ 9

Конференции и работилници ........ 9

Средби ........ 12

ЈАВНИ РЕАКЦИИ, СТАТИИ И МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ ........ 15

Јавни реакции ........ 15

Статии ........ 16

Медиумска видливост ........ 18

АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ" ........ 22

Годишно Собрание на Коалиција „Сите за правично судење" ........ 22

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2019 ........ 23

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ........ 23

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2019 ........ 23

КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ........ 24

Тимот на националната канцеларија на Коалицијата ........ 24

Информации за Коалицијата: ........ 24

# ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ

Почитувани,

Коалицијата на здруженија на граѓани е формална мрежа од 13 организации членки кои имаат една заедничка мисија, а тоа е: следење на почитувањето на човековите права и слободи посебно на меѓународните стандарди на правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

Во текот на 2019 година беа набљудувани вкупно 1895 судски постапки од кои 777 беа од кривична област и 662 беа од граѓанска област, во повеќе од 10 основни судови во Република Северна Македонија во сите 4 апелациони подрачја. Во текот на 2019 година беа обучени 51 набљудувач за мониторинг на судски рочишта и за увид во правосилни предмети од двете области. Оваа година Коалицијата посебен акцент стави на судските предмети од областа на организиран криминал и корупција кои што се со висок степен на јавен интерес.

Коалицијата јавно реагираше со јавни реакции и статии за сите недоследности и прекршувања на човековите права кои што се појавија во текот на судските процеси. Врз основа на набљудуваните судски рочишта беа изработени различни анализи, брифови и статистики. Базата на набљудувачи на Коалицијата е значително зголемена и брои околу 50тина набљудувачи на територија на Република Северна Македонија.

Во 2019 година, Коалицијата бележи значителен напредок во полето на дејствување и работење. Коалицијата активно работеше и на зајакнување на капацитети на правосудните органи во насока на приближување на истото кон критериумите поставени со Поглавјето 23.

Органите на правосудниот систем ја препознаваат Коалицијата како фактор кој што може да даде особен придонес кон зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот, како и кон посочување на потребата за можните реформи во судските постапки, сè со цел да се придонесе кон осигурување на правата на фер и правично судење кои што се загарантирани со Уставот, законите и меѓународните договори. Коалицијата е единствениот субјект во Република Северна Македонија кој спроведува вакви активности поради што е вклучена во реформските процеси иницирани од Владата и Министерството за правда, особено оние поврзани со кривично-правната материја.

Со почит,

Натали Петровска
Извршна директорка
Коалиција „Сите за правично судење“

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2019 ГОДИНА

## Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации

Проектот „Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации" е финансиски поддржан од Европската Унија со договор бр. IPA/2017/393-124 во рамки на програмата IPA Civil Society Facility and Media Programme 2016 – 2017.

Проектот се спроведува во периодот од 1 јануари 2018 до 30 јуни 2020 година од страна на Македонското здружение на млади правници, Данскиот совет за бегалци, Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип и Коалиција „Сите за правично судење". Општата цел на проектот е да го зголеми влијанието на граѓанските организации во процесите за креирање и донесување на закони, политики и одлуки на локално и национално ниво преку зајакнување на нивната отчетност, ефикасност и одржливост. Во насока на остварување на општата цел, проектот вклучува спроведување на повеќе активности групирани во три компоненти:

(1) Правна помош и поддршка на граѓански организации за зајакнување на нивните внатрешни правила и процедури (статути, правилници, политики), целосно исполнување на законските обврски кои се однесуваат за граѓанските организации и правно зајакнување во односите на граѓанските организации со трети лица;

(2) Зајакнување на капацитетите на локални граѓански организации за застапување и влијание врз политиките, законодавството и донесувањето одлуки на локално и национално ниво преку обуки и менторска поддршка при спроведување на поединечни активности за застапување; и

(3) Зајакнување на капацитетите на локални граѓански организации за зајакнување на нивната одржливост преку обуки и менторска поддршка при изработката на проектни апликации.

Во текот на 2019 година, во рамки на проектот беа организирани четири промотивни настани, во следниве градови: Гостивар, Велес, Струмица и Битола. На овие настани, претставниците на граѓанските организации имаа можност да се запознаат со Канцеларијата за правна поддршка на граѓански организации, како истата функционира, каков вид на правна помош нуди како и за начинот на кој што истите можат да се обратат за да добијат бесплатна правна поддршка.




*Промотивен настан на канцеларијата за правна поддршка*

## Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р. Северна Македонија

Проектот „Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р. Северна Македонија" започна да се имплементира во јуни 2018 година со поддршка од Проектот на УСАИД за граѓанско учество и ќе се спроведува до ноември 2020 година. Коалицијата „Сите за правично судење" со имплементирање на овој проект и преку мониторинг на имплементација на домашните закони и меѓународните стандарди, даде поддршка за подобрување на пристапот и квалитетот до правда. Посебен фокус се даде на граѓанските судски постапки и ранливите категории на граѓани (маргинализирани групи и лица со попреченост) во четирите апелациони региони: Скопје, Гостивар, Битола и Штип.

Во рамки на овој проект отворени се четири регионални канцеларии во Република Северна Македонија на ниво на апелационите подрачја. Канцелариите се отворени во Штип, Битола, Тетово и Скопје. Канцелариите во Тетово и Битола се во соработка со организации-членки на Коалицијата, односно во Младински Културен Центар-Битола и Мултикултура-Тетово. Канцеларијата во Штип е отворена во соработка и со поддршка од Општина Штип. Во овие канцеларии, граѓаните можат да се обратат за потребата од мониторинг на граѓански постапки.

Како проектни активности во рамки на овој проект на 05.06 и 06.06.2019 година беше одржана напредна обука за набљудувачи на граѓански постапки кои активно набљудуваат граѓански судски постапки. Целта на обуката беше набљудувачите од различните апелациони подрачја каде што мониторираат да разменат искуства и да ги посочат предизвиците со кои што се соочуваат.



*Напредна обука за набљудувачи, хотел Романтик, Велес*



*Обука за вршење на увиди во завршени правосилни предмети*

На 05.07.2019 година беше спроведена обука за вршење на увиди во завршени правосилни граѓански предмети. Во текот на 2019 година беа направени увиди во завршени граѓански предмети во Основните граѓански судови во Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Охрид, Тетово и Струмица.

## Мониторинг и зајакнување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција

Од декември 2018 година започна да се имплементира проектот „Мониторинг и зајакнување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција". Проектот се имплементира во партнерство со нашата членка Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) од Гостивар која што е носител на проектот.

Проектот е финансиски поддржан од ИПА фондовите на Европската Унија. Главната цел на проектот е да се даде придонес кон работата на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција. Главните активности на овој проект се: мониторинг и евалуација на транспарентноста и пристапноста на институциите кои се борат против организираниот криминал и корупцијата, мониторинг на Специјалното јавно обвинителство, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција во

поглед на јавноста и транспарентноста како и мониторинг на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција во Основниот кривичен суд Скопје. Во текот на оваа година беа организирани неколку работни средби со претставници на релевантни институции, односно судии од Основниот кривичен суд Скопје и јавни обвинители и стручни соработници од Специјалното јавно обвинителство. Секоја работна група беше тематски дефинирана, при што целта на истата беше во насока на тоа да претставниците на овие институции ги споделат предизвиците со кои што секојдневно се соочуваат во рамки на нивното работење, како и да предложат нивни идеи и сугестии за нивно натамошно соодветно надминување и решавање.

Во рамки на овој проект на 08.05.2019 година се одржа промотивен настан за започнување на проектот на тема: ***„Напредокот во борбата против организираниот криминал и корупцијата во пресрет на Извештајот на Европската Комисија“.*** На конференцијата се дискутираше за предизвиците, проблемите и добрите практики во работењето на институциите кои се борат против организираниот криминал и корупција, поточно Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Специјалното јавно обвинителство, како и Основниот кривичен суд Скопје.




*Промотивен настан, хотел Мериот*




*Обука за набљудувачи, Јавна соба*

На 06.05.2019 година во рамки на овој проект беше одржана обука за професионални набљудувачи за мониторинг на високопрофилирани предмети од областа на организиран криминал и корупција.

## Институционален грант – Цивика мобилитас

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска).

Цивика мобилитас го поддржува граѓанското општество во промовирање општествени промени во (стратешки) области, како што се добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество. Во јули 2019 година Коалицијата започна со имплементација на институционалниот грант кој што ќе трае 3 години.

Со овој институционален грант Коалицијата е насочена кон три компоненти и тоа:

(1) компонента 2 - Граѓански ангажман,
(2) компонента 3 – Соработка и
(3) компонента 4 - Граѓанско учество.

Во рамки на Цивика мобилитас програмата Коалицијата на 14.09.2019 година беше дел од настанот „Ден на граѓански организации“, а исто така како организација учествувавме и на Средбата за вмрежување што се одржа од 25 до 27 ноември 2019 година во Охрид.

## „До заробената држава” во Северна Македонија – судство, обвинителство, полиција

Проектот „До Заробената држава” во Р. Северна Македонија – судство, обвинителство, полиција е финансиски поддржан од страна на Фондација Отворено општество-Македонија. Носител на проектот е Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН) од Скопје, а Коалиција „Сите за правично судење“, Институт за човекови права и Хелсиншки комитет за човекови права се јавуваат како партнери во проектот.  Проектот започна да се имплементира во април 2019 година и истиот ќе се спроведува до април 2020 година.

Целта на проектот е да ги идентификува, начините низ кои се остварува политичката контрола врз институциите (судството, обвинителството, полицијата) или начините на кои се злоупотребуваат системските слабости на владеењето на правото.  Сето тоа е предвидено да се спроведе преку различни студии на случај и следење на спроведувањето на законодавството.

## „КСПС Судско досие“

Коалиција „Сите за правично судење” во партнерство со Радио МОФ во јуни 2019 година започна со реализација на проектот “КСПС Судско досие”, и истиот се имплементираше до ноември 2019 година.

Целта на проектот е подобрување на довербата на граѓаните во судството во Република Северна Македонија, подобрување на транспарентноста на Основниот кривичен суд Скопје и транспарентноста на Специјалното јавно обвинителство (СЈО), како и да се олесни пристапот до информации поврзани со судски предмети од висок профил за медиумите, истражувачите, учениците и јавноста.

За таа цел, Коалицијата создаде под-домен на својата веб-страница (под-страница), каде што се објавени 20 досиеја на кривични предмети од висок профил иницирани од страна на СЈО. Овие досиеја ги содржат сите достапни јавни податоци, како што се резиме на случаи, општи информации, временска рамка, обвиненија, предлози, одлуки и пресуди, како и извештаи за мониторинг на судења, систематизирани во хронолошки и тематски формат, лесен за користење.

На 31.10.2019 година Коалиција „Сите за правично судење“ во партнерство со Радио МОФ ја промовираше својата својата веб-страница „Судско досие“

Линкот до веб страницата: http://sudskodosie.all4fairtrials.org.mk/




*Промоција на веб страницата Судско досие, хотел Солун*

# „Поддршка на имплементацијата на Националната стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 (модул судски мониторинг)“

Коалицијата „Сите за правично судење“ во месец април 2019 година започна со имплементација на проектот „Поддршка на имплементацијата на Националната стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 (модул судски мониторинг)“, во партнерство со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Овој проект е продолжување на шестгодишната соработка помеѓу Коалицијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Во рамки на проектот се спроведе мониторинг на кривични предмети што се водат по новиот Закон за кривична постапка од областа на организиран криминал и корупција и од областа на семејно и родово базирано насилство. Набљудувањето беше спроведено во сите 4 апелациони подрачја, во 10 основни судови. Притоа беа мониторирани вкупно 375 рочишта за главна расправа, а во насока на тоа беа изготвени и тематски анализи.

На 02.04.2019 година и на 04.04.2019 година беа одржани две обуки за набљудувачи. Едната обука беше насочена кон зајакнување на капацитетите на набљудувачите за мониторинг на кривични судски постапки од областа на семејно насилство и родово базирано насилство. Додека пак, на втората одржана обука беа обучени набљудувачи за мониторинг на кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупција.




*Обуки за набљудувачи на постапки за семејно насилство и организиран криминал и корупција*

Во декември 2019 година се одржа завршната конференција на која беа презентирани податоците добиени од мониторингот. На конференцијата како панелисти учествуваа и судии од Основниот кривичен суд Скопје, Основниот суд Велес, Основниот суд Кавадарци, адвокати и граѓански организации кои работат на овие две области на кои што беше спроведен мониторингот.






*Завршна конференција, хотел Холидеј Ин*

## „Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса“

Во ноември 2019 година, Коалицијата „Сите за правично судење“ започна со имплементација на проектот „Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса“, финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Целта на проектот е да се влијае на реформските процеси во судството од аспект на употребата на мерката притвор и останатите мерки за обезбедување присуство, а во корелација со препораките на ЕУ и Поглавјето 23. Преку вршење увид во правосилно завршени кривични предмети (поточно во барањата и решенијата за определување на мерката притвор) од страна на ангажирани теренски истражувачи регрутирани од базата на набљудувачи на Коалицијата, како и со деск- истражување ќе се овозможат статистички податоци за употребата на мерките за обезбедување на присуство, кои што пак ќе бидат основа за подготовка на финалната анализа. Оваа анализа ќе понуди детекција на најчести системски проблеми и проблеми во праксата, дијагноза на причините поради кои се појавуваат овие проблеми во пракса, како и препораки за надминување на детектираните состојби, а со цел исполнување на критериумите поставени во Поглавјето 23.

На 22.11.2019 година Коалиција „Сите за правично судење” спроведе обука за увиди во правосилно завршени притворски предмети. Нашите набљудувачи во текот на 2020 година ќе собираат податоци за состојбите при изрекување на мерката притвор во Основниот кривичен суд во Скопје.



*Обука за вршење увиди во правосилни притворски предмети*

## „За правда - Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2019 – 2020“

Коалиција „Сите за правично судење“ во месец јули 2019 година, во партнерство со Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија (МХК), Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Институт за човекови права (ИЧП), Здружение на граѓани – Институт за европска политика (ЕПИ) и Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА) започна со имплементација на проектот „За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудство 2019 – 2020“. Период на имплементација на проектот е до месец февруари 2020 година.

Основна цел на проектот е зголемено влијание на граѓанските организации врз процесот на спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017 – 2022) и зајакнување на независноста и непристрасноста на судството. Дополнително, имплементацијата на проектот има неколку посебни цели односно, пред се да го оцени спроведувањето на Стратегијата во однос на почитувањето на временската рамка утврдена со Акцискиот

план, транспарентноста на процесот, како и нивото на вклученост на засегнатите страни и граѓанскиот сектор, понатаму да го оцени квалитетот на предложените закони и политики, како и степенот на реализирање на целите поради кои истите се донесени, како и да влијае на процесот на реформи во правосудството преку изработка и доставување на препораки засновани на докази за предложените закони и политики и унапредување на јавната дебата.

На 26.07.2019 година Блупринт групата одржа прес конференција во однос на состојбите со статусот на Специјалното јавно обвинителство, во склоп на оваа прес конференција јавноста беше информирана дека проектот „За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2019 – 2020" продолжува и понатаму да се имплементира и Блупринт групата за реформи во правосудството ќе продолжи и понатаму будно да ги следи случувањата во правосудниот систем.




*Обука за вршење увиди во правосилни притворски предмети*




*12.09.2019 година, прес конференција*

На 12.09.2019 година, Блупринт групата одржа прес конференција посветена на актуелните случувања во областа на правосудството. Блупринт групата ги изнесе своите ставови во однос на Законот за јавното обвинителство и статусот на Специјалното јавно обвинителство, со тоа што потенцираше дека СЈО како институција треба да продолжи со работа во рамки на јавнообвинителскиот систем, согласно хиерархиската поставеност и правила, но притоа да се трансформира во јавно обвинителство на исто ниво со Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а со мандат да гони висока корупција. Доказните видео и аудио материјали е неопходно да бидат употребувани и понатаму во постапките, согласно ценењето на судиите. Предметите кои што ги води СЈО мора да продолжат и да имаат своја разрешница.

# УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СРЕДБИ ЗА 2019 ГОДИНА

## Конференции и работилници

Претставник на Коалицијата оваа година учествуваше на Регионалниот форум за владеење на правото во Југоисточна Европа (Annual regional rule of law forum for South East Europe) во Дубровник, Република Хрватска кој се одржа на 22-23 март 2019 година. Во рамки на овој форум беа разменети искуства во поглед на мониторингот и евалуацијата на работата на судовите во различни држави.



*23.03.2019 година, Регионалниот форум за владеење на правото во Југоисточна Европа*

Коалиција „Сите за правично судење" со свој претставник учествуваше од 14 до 16 мај 2019 година во Сараево на Годишната конференција за судски мониторинг во организација на OSCE/ODIHR. Конференцијата беше наменета за размена на искуства за реформите во правосудниот сектор.

Коалицијата „Сите за правично судење" учествуваше во трите работилници од областите на преговарачката рамка со ЕУ и споделување на регионалното искуство на земјите од регионот кои веќе ги имаат отпочнато преговорите за членство, антикорупција и правосудство како клучни области од Поглавјето 23. Целта на овие обуки беше за зголемување на капацитетот и знаењата на граѓанските организации и јавната администрација за процесот на преговори и пристапување во Европската Унија, кои ги организираше Фондација Отворено општество – Македонија, во партнерство со Институтот за европски политики (ИЕП) од Берлин и Евротинк – Центар за европски стратегии од Скопје.





***Работилници од областите на преговарачката рамка со ЕУ и споделување на регионалното искуство на земјите од регионот***

Како членки на Платформата на граѓански организации за борба против корупција на 13 декември 2019 година во рамки на конференцијата „Исполнување на ветувањето за проширување на ЕУ: 30 години добро управување

и антикорупциски реформи во Централна и Источна Европа“ Извршната директорка на Коалицијата „Сите за правично судење“ Натали Петровска ја модерираше сесијата насловена како „Исполнување на реформите во правосудството“.



*13.12.2019 година, конференција „Исполнување на ветувањето за проширување на ЕУ: 30 години добро управување и антикорупциски реформи во Централна и Источна Европа*

На ден 28.06.2019 година се одржа завршната конференција на Блупринт групата за реформи во правосудството кој е во склоп на проектот „ЗА ПРАВДА“. Во рамки на овој проект беа мониторирани 13 закони, беа изработени 3 квартални мониторинг брифови, а преку проектот се обезбеди поголем обем на достапни информации за јавноста врзани со реформите во правосудството. На завршната конференција присуствуваа професори, јавни обвинители, судии, граѓанските организации, како и владини претставници, давајќи свој критички осврт и експертско мислење за спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2017-2022, особено вклученоста на засегнатите страни, експертите и граѓанските организации во креирањето на законите. Реформите во правосудството беа оценети како особено важни во процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ, а донесените закони во согласност со препораките на Венецијанската Комисија и ГРЕКО обезбедуваат независност на судовите, но и градење на транспарентност. Учеството на граѓанското општество и неговата улога исто така беше оценета како особено важна, потенцирајќи го фактот дека во дел од донесените закони, поради учеството на граѓанските организации, имаат поголеми придобивки за самите граѓани.

Во ноември 2019 година Институтот за европска политика Скопје организираше две работилници на тема „Методологија за стратешко предвидување и мониторинг и евалуација “. Претставници од Коалицијата „Сите за правично судење“ учествуваа при подготовка на матрицата за следење на Стратегијата за реформи во правосудство.





*2019, работилници на тема „Методологија за стратешко предвидување и мониторинг и евалуација“*

Претставници на Коалицијата „Сите за правично судење“ учествуваа во трите работилници кои ги организираше Државната комисија за спречување на корупцијата за изготвување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси  2020-2024. Претставниците на Коалицијата својот придонес го дадоа во група за Правосудство.

Претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ присуствуваше на завршната конференција на проектот „Борба против тортура и неказнивост“ организирана од Интернационална мрежа за помош ИАН и Комитетот за правници за човекови права ЈУКОМ во Белград. Конференцијата започна со прикажување на филм кој директно ги запозна учесниците со состојбата на жртвите на тортура кои доживеале разни видови на тортура.

Експерти од областа на човековите права и заштита на преживеаните од тортура, како и претставници на институции зборуваа на панел дискусии каде што се презентираа заеднички напори за постигнување на крајната цел - општество без тортура, општество во кое сторителите се казнети, а жртвите се рахабилитирани. На првиот панел се зборуваше за доприносите на Европската Унија и Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации во борбата против тортура, за насилното протерување на бегалците од границите и за механизмите на Организација на обединетите нации за борба против тортурата. На вториот панел се зборуваше за последиците од тортурата и рехабилитација, за Поглавје 23, за неказнивоста и за нехуманиот третман во установите за социјална заштита.





*Конференција на проектот „Борба против тортура и неказнивост“*

Коалицијата како дел од Блупринт групата за реформи во правосудството на 27.11.2019 година пред Собранието на Република Северна Македонија, заедно со десет мрежи на здруженија на граѓани одржаа прес конференција на која повикаа на итен избор и именување на кадар во повеќе институции и тела од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Се работи за институции кои се од исклучителна важност за демократизацијата на нашето општество како:

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Комисија за слободен пристап до информации од јавен карактер, Државниот завод за ревизија, Програмски совет на МРТВ, Советот на Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, Судскиот совет на Република Северна Македонија и надворешниот механизам за граѓанска контрола врз полицијата при Народниот правобранител.




*27.11.2019 , прес конференција*

## Средби

На 10.09.2019 година во склоп на проектот „Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р.Македонија“ Коалицијата одржа работен состанок за презентирањето на податоци од изготвениот бриф за физичка пристапност до судовите во Р. Северна Македонија како и дискусија со претставници на организации кои работат со лица со попреченост, а по однос на нивните согледувања на ограничувањата на правата и пристапот до судските објекти и услуги на лицата со попреченост.



*Работна средба, хотел Солун*

На 10.09.2019 година и 20.12.2019 година во рамки на проектот „Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција“ Коалицијата одржа две работни средби со претставници на Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Целта на работните средби е да се овозможи простор за дискусија во однос на позитивните и негативните искуства што ги имаат институциите во борбата против корупција, како и со кои предизвици се соочуваат во текот на работата против организираниот криминал и корупција особено во делот на економски криминал и финансиски истраги.



20.12.2019 година, хотел Солун



11.12.2019 година, хотел Солун

На 27.09.2019 година и 11.12.2019 година Коалицијата во рамки на проектот „Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција" одржа две работни средби со судии од Основниот кривичен суд Скопје на кои се разговараше за улогата на судот во контролата на главна расправа, предизвици на нејзиното менаџирање како и за примената на мерката „конфискација на имот и имотна корист". Целта на работните средби е да се овозможи простор за дискусија во однос на позитивните и негативните искуства што ги имаат институциите во борбата против корупција, како и со кои предизвици се соочуваат во текот на работата против организираниот криминал и корупција.

На 16.05.2019 година како дел од Блупринт групата на граѓански организации, која ги следи правосудните реформи извршната директорка на Коалицијата, Натали Петровска во Министерство за правда присуствуваше на состанок за изготвување на предлог Законот за јавното обвинителство. На работната средба, извршната директорка ја истакна потребата од доуредување на предлог законот во насока на подобрување на законските решенија за примената на доказните материјали во постапките на Специјалното јавно обвинителство, како и непречената примена на истите.

Во септември Блупринт групата за реформи во правосудството повторно учествуваше со свој претставник на два состаноци на работната група за Законот за јавно обвинителство во Министерството за правда.





состаноци на работната група за Законот за јавно обвинителство

На тринаесетта седница на Советот за имплементација на Стратегијата за реформи во правосудството, на која Блупринт групата имаше свој претставник, беше разговарано за решенијата за статусот на јавното обвинителство кое е во план да се формира, а би било надлежно за гонење на висока корупција, за прашањата поврзани со Специјалното јавно обвинителство, како и за критериумите за избор на јавни обвинители.

На 22.07.2019 година извршната директорка Натали Петровска учествуваше на јавна расправа на Комисијата за заштита на слободите и правата на граѓанинот, во однос на пресудите на Европски суд за човекови права.

На 27.12.2019 година Коалицијата одржа работна средба со Основниот кривичен суд во Скопје за зајакнување и унапредување на досегашната соработка. Основниот кривичен суд и Коалицијата ќе потпишат

Меморандум за соработка како би можеле заеднички да делуваат во подобрување на транспарентноста и зајакнување на довербата кај граѓаните во судството.

Во 2019 година, извршната канцеларија на Коалицијата започна со мониторинг на седниците на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. Во ноември и декември 2019 година беа мониторирани 3 седници.

Претставник од Коалицијата преку Блупринт групата за реформи во правосудството учествуваше во работната група за изработка на предлог Закон за академија за судии и јавни обвинители.

# ЈАВНИ РЕАКЦИИ, СТАТИИ И МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ

## Јавни реакции

На 08.10.2019 година Коалицијата објави јавна реакција во врска со третманот на еден од осомничените во случајот „Рекет“ достапна на следниот линк:

https://cutt.ly/qrQapOr

На 12.12.2019 година Блупринт групата за реформи во правосудството објави јавна реакција во врска со правните последици од процесот на лустрација достапна на следниот линк:

https://cutt.ly/zrQay1B

На 06.12.2019 година Блупринт групата за реформи во правосудството изработи документ за јавни политики на тема: Ветинг процес на судството во РСМ. На следниот линк можете го најдете документот:

https://cutt.ly/grQaimE

На 03.12.2019 година Блупринт група за реформи во правосудството објави јавна реакција на тема „Уставниот суд, преку злоупотреба на институтот „правна сигурност“, се обидува да ги спаси од кривичен прогон обвинетите и осомничените за злоупотреби“. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/3rQaoaj

На 12.11.2019 година Блупринт групата за правосудство реагираше на предложените измени и дополнувања на Законот за јавните собири, кои беа повлечени од страна Владата на РСМ. Реакцијата можете да ја погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/brQaoJh

На 15.08.2019 година Коалицијата ја објави реакцијата на граѓанските организации по повод скандалозната изјава на Претседателот на Владата на РСМ, Зоран Заев. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/crQaaDE

На 13.03.2019 година граѓанските организации Коалиција „Сите за правично судење“, Хелсиншки комитет за човекови права, Институт за човекови права, Македонско здружение на млади правници, Центар за правни истражувања и анализи, Институт за европска политика и Фондација Отворено општество – Македонија, кои се дел од Блупринт групата на организации фокусирани на следење на правосудните реформи и застапување за нивно спроведување, објавија соопшение во однос на измените и дополнувањата на Законот за Јавно обвинителство. Соопштението се наоѓа на следниот линк:

https://cutt.ly/nrQadlM

Реформите во правосудството се означени како една од клучните точки од интерес за Република Северна Македонија во процесот на преговори со ЕУ, но пред сè во приближувањето на земјата до европските стандарди и вредности. Дадените коментари од Блупринт групата беа прифатливи за претставниците на Министерството за правда и се очекува да бидат имплементирани во финалниот текст. Погледнете го на следниот линк текстот од коментарите:

https://cutt.ly/QrQafl0

На 10.07.2019 година Платформата на граѓански организации за борба против корупција во која Коалиција „Сите за правично судење“ е членка, укажа на тоа дека концентрацијата на функции во позицијата Претседател на Владата на Република Северна Македонија и г. Зоран Заев, како носител на таа функција, и привременото извршување, односно раководење со Министерството за финансии, е спротивно на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Реакцијата може да се прочита на следниот линк:

https://cutt.ly/YrQaxo4

На 13.07.2019 година граѓански организации со учество и на Коалицијата објавија реакција по повод предлог-законот за управување со природното и културното наследство во охридскиот регион. Тие заедно велат дека законот отвора простор за носење штетни одлуки и понатамошно уништување на единственото УНЕСКО подрачје во земјата. Целото соопштение може да се погледне на следниот линк на еден од медиумските портали:

https://cutt.ly/RrQac80

## Статии

На 04.12.2019 година се одржа конференција во рамки на проектот „Поддршка на имплементацијата на Националната стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 (модул за судски мониторинг)“ во партнерство и со финансиска поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје каде се презентираше анализата за мониторинг на кривични постапки од областа на семејно насилство и родово базирано насилство. Анализата можете да ја погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/rrQaQ9f

На 29.01.2019 година Коалицијата „Сите за правично судење“ ги објави резултатите од истражувањето изготвено во рамките на проектот „Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р. Северна Македонија“ кој е овозможен со поддршка од американскиот народ во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Коалицијата спроведе првично (пилот) истражување во поглед на физичката пристапност на 10 основни судови и нивните услуги. Резултатите од истражувањето можете да ги погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/JrQaWmx

На 03.07.2019, Коалицијата објави податоци кои се дел од активностите на проектот „Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р. Северна Македонија“. Коалицијата детектираше во Основниот граѓански суд во Скопје (кој воедно е и најголем суд по обем на работа) и Основниот суд Струга дека немаат судници на приземјето, ниту пак имаат функционални лифтови, со што овие објекти се практично непристапни за лица со попречености. Ограничена пристапност се забележува и кај Основниот суд Гостивар и Основниот суд Охрид, кои немаат функционални лифтови, а имаат само една судница на приземјето која се користи за ограничена намена. Во сооднос со истражувањето, а во рамки на проектот е изготвен и бриф достапен на следниот линк:

https://cutt.ly/crQaRYi







На 22.03.2019 година Коалицијата како организација членка на Европска асоцијација на правници за демократија и светски човекови права (European Association of Lawyers for Democracy & World Human Rights), интегрално го пренесе известувањето од Европската асоцијација на правници/адвокати за демократија и човекови права, во врска со изречените пресуди против адвокати членови на Асоцијацијата за прогресивни правници/адвокати во Турција. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/FrQaYsK

На 12.12.2019 година Натали Петровска и Дарко Аврамовски од Коалиција „Сите за правично судење" изработија документ (policy brief) на тема "Конфискација на имот во судските постапки поврзани со корупција". Документот може да го погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/ZrQaUNZ

На 30.12.2019 година извршната директорка Натали Петровска и правниот истражувач Дарко Аврамовски подготвија анализата на тема „Конфискацијата на имот во судските постапки поврзани со корупција". Анализата се наоѓа на следниот линк:

https://cutt.ly/xrQaOwt

На 26.07.2019 година Канцеларијата за правна поддршка на граѓански организации како активност во рамки на Проектот „Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации", финансиран од Европската Унија а кој е спроведуван од Македонското здружение на млади правници, Данскиот совет на бегалци, Фондацијата за развој на локална заедница - Штип и Коалиција „Сите за правично судење" ја објави статистиката на поднесени барања за правна поддршка од месец јуни. Статистиката може да се погледне на следниот линк:

https://cutt.ly/orQaPSm

На 08.08.2019 година Коалицијата објави студија во рамки на проектот „Вклученост на Платформата во набљудување и дебатирање на борбата против корупција". Целосниот документ од Студијата на јавни политики за ефикасноста на антикорупциските институции во прогонот на корупцијата - Компаративен преглед на ефикасноста и ефективноста на работењето на Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Специјалното јавно обвинителство може да го погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/VrQaJDn

На 09.10.2019 година Коалиција„Сите за правично судење" објави статија на тема „Мерката притвор низ примата на Европскиот суд за човекови права". Статијата можете да ја погледнете на следниов линк:

https://cutt.ly/1rQaKWF

На 21.11.2019 година Коалиција „Сите за правично судење" објави пресметка на судските трошоци за одбраната на обвинетиот Никола Груевски кои државата ќе треба да ги исплати поради тоа што настапи застареност на кривичното гонење во предметот „Траекторија".




На 15.07.2019 година статистиката на Коалиција „Сите за правично судење“ бележи зголемен тренд на закажани рочишта за предметите кои ги застапува СЈО во текот на 2019 година во споредба со оние од 2018 година. Сепак процентот на одложени рочишта оваа година не отстапува во голема мера од оној во минатата.




## Медиумска видливост

На 28.01.2019 година проектниот координатор и истражувач Дарко Аврамовски даде изјава во врска со измените на законите кои се предмет на следење во рамки на Блупринт групата за реформи во правосудството. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/prQsq35

Извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ Натали Петровска даде изјава за Al Jazeera Balkans, која се однесува на предлог законот за Јавно обвинителство и за мандатот на Специјалното јавно обвинителство.

https://cutt.ly/XrQset5

На 15.03.2019 година во емисијата 360 степени гостуваше извршната директорка Натали Петровска заедно со адвокатот Сузана Јошевска Анастасовска и поранешниот министер и пратеник Насер Зибери во врска со предметот „27ми април“.

На 15.03.2019 година во Централниот дневник на 1ТВ, извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ Натали Петровска даде изјава за пресудата по предметот „27ми април“ и изречените затворски казни.

На 23.03.2019 година извршната директорка на Коалицијата Натали Петровска даде изјава за Радио слободна Европа на тема - оправданоста, структурата и постигнувањата на Специјалното јавно обвинителство. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/LrQspsw

На 07.04.2019 година извршната директорка за емисијата КОД даде правни мислења и толкување во врска со примена, дефинирање и употреба на ДНК анализа согласно Законот за кривична постапка.

На 10.04.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ Натали Петровска гостуваше во Централниот дневник на 1ТВ на тема „Судската пракса за изрекување на казните за дела против безбедноста на луѓето во сообраќајот“. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/ZrQsaY5

На 17.05.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ Натали Петровска за ПОРТАЛБ даде мислење по однос на очекувањата од претстојниот извештај на Европската комисија и оцена на реформскиот процес во правосудството. Можете да ја погледнете веста на следниот линк:

https://cutt.ly/5rQsd9x

На 22.08.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ – Натали Петровска гостуваше на телевизија Телма во која говореше за судбината на Специјалното јавно обвинителство и законското уредување кое произлегува од Законот за Специјално обвинителство наспроти Закон за Јавно обвинителство.

На 31.10.2019 година Коалиција „Сите за правично судење“ во партнерсто со Радио МОФ одржа настан со цел промоција на својата веб-страница „Судско досие“ каде што се објавени најмалку 20 случаи на високо-профилни кривични предмети иницирани од Специјалното јавно обвинителство (СЈО). Live stream од настанот можете да погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/brQsg6O

На 14.11.2019 година извршната директорка Натали Петровска за Радио Слободна Европа даде изјава за законските пречки, долгите судски постапки, бројните докази и работи кои ја намалија довербата на граѓаните во правниот систем. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/PrQsjbm

На 13.11.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ Натали Петровска даде изјава на IRL Macedonia во врска со застареноста во предметот „Траекторија“ за обвинетиот Никола Груевски. Изјавата е достапна на следниот линк:

https://cutt.ly/YrQskd1

На 14.11.2019 година извршната директорка Натали Петровска даде изјава на Телма ТВ на тема: „Застарувањето повеќе не смее да ги спасува политичарите“. Погледнете ја изјавата на следниот линк:

https://cutt.ly/CrQslgF

На 15.11.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ гостуваше во емисијата „Коментар“ на телевизија 24, каде што говореше на темите: судските процеси во Македонија, застарувањата на делата, законите пропишани од европската регулатива и манипулирање на судската власт. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/frQszdR

На 20.11.2019 година извршната директорка Натали Петровска даде изјава на телевизија Телма во врска со реакциите на јавноста во однос на замената на мерката притвор со домашен притвор на поранешната специјална јавна обвинителка Катица Јанева. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/3rQsxzZ

На 08.10.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ - Натали Петровска даде изјава за Фокус на тема дали мерката притвор и понатаму се злоупотребува. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/CrQsczE

На 21.11.2019 година Дарко Аврамовски, проектен координатор и истражувач во Коалиција „Сите за правично судење“ даде интервју за Радио МОФ во врска со тоа колку граѓаните веруваат во судството, процедуралните пропусти, улогата на граѓанскиот сектор и медиумите во отсуство на транспарентноста на институциите и владеењето на правото. Погледнете го интервјуто на следниот линк:

https://cutt.ly/HrQsvuz

На 17.10.2019 година беше објавена вест на порталот Плусинфо на тема „Повеќе предмети на СЈО имаат „нови почетоци“ отколку пресуди“ Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/DrQsvPe

На 18.10.2019 година беше објавена веста на порталот Нова ТВ со наслов „Ќе се проверува како се водел предметот „Насилство во Центар“ – ако има одговорност ќе се извести Советот“ Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/5rQsbuN

На 13.11.2019 година беше објавена веста на порталот Нова ТВ со наслов „Институциите да извлечат поука: Делото против Груевски застаре, но не и конфискацијата на имот “Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/LrQsbSC

На 19.11.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“, Натали Петровска, даде изјава за НОВА, а во врска со барањето на адвокатот Merџан Даути како нов полномошник во постапката ТНТ. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/LrQsQZw

На 01.12.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ даде интервју за Фокус во врска со најавите на власта за ветинг на судиите и обвинителите. Погледнете го интервјуто на следниот линк:

https://cutt.ly/1rQsWS7

На 31.12.2019 година извршната директорка Натали Петровска даде коментари и согледувања на телевизија Телма во поглед на судскиот процес за предметите кои ги иницираше СЈО. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/CrQsE8M

На 21.11.2019 година извршната директорка Натали Петровска одговори на неколку прашања за порталот Види Вака во врска со тоа кој во државата има кредибилитет да го спроведе ветингот, каква треба да биде улогата на Судскиот совет, Антикорупциската комисија и Советот на Јавни обвинители. Проследете на следниот линк:

https://cutt.ly/PrQsU1w

На 16.08.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење" Натали Петровска даде изјава за Нова ТВ во врска со оставката на специјалната јавна обвинителка Катица Јанева. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/KrQsAsh

На 21.07.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење" Натали Петровска даде изјава во емисијата Код во врска со предметот „Рекет". Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/IrQsSn7

На 17.07.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење" Натали Петровска, даде изјава за vistinomer.mk во врска со можните застои и застарувања на предметите иницирани од СЈО. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/mrQsFys

На 19.07.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење" Натали Петровска даде изјава за koha.mk во врска со предметот „Рекет". Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/YrQsHvn

На 31.10.2019 година извршната директорка на Коалицијата, Натали Петровска даде изјава за koha.mk во врска со донесување на Законот за Јавно обвинителство. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/xrQsJiN

На 02.10.2019 година извршната директорка на Коалиција „Сите за правично судење" Натали Петровска за Дојче Веле даде мислење по однос на застарување на предметите иницирани од СЈО. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/YrQsKBv

На 02.09.2019 година Дарко Аврамовски, проектен координатор и правен истражувач на Коалиција „Сите за правично судење" даде интервју за Види Вака каде што зборуваше за реформи во правосудството. Погледнете го интервјуто на следниот линк:

https://cutt.ly/jrQsLPS

На 04.09.2019 година Натали Петровска, извршна директорка на Коалиција „Сите за правично судење", даде изјава за Макфакс во врска со давањето наредби на специјалната јавна обвинителка Катица Јанева за време на нејзиниот притвор. Погледнете на следниот линк:

https://cutt.ly/crQsZv6

# АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## Годишно Собрание на Коалиција „Сите за правично судење“

На 06.03.2019 година во Граѓански ресурсен центар во Скопје се одржа 17-то годишното Собрание на Коалицијата. Присутни на Собранието беа 12 од 13 членки на организацијата и тоа:

1. Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ – Гостивар, Љуљзим Хазири
2. Македонско здружение на млади правници – МЗМП - Скопје, Љупка Новеска Андонова
3. Институт за европски политики- ЕПИ – Скопје, Ардита Абази Имери
4. Здружение на граѓани МУЛТИКУЛТУРА – Тетово, Арлинда Илази
5. Младински Културен Центар – МКЦ – Битола, Александар Тодоровски
6. Младински Образовен Форум - МОФ – Скопје, Димитар Низамовски
7. Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ ПДАС – МЕЃАШИ – Скопје, Катерина Конеска
8. Совет за превентива против малолетничка деликвенција СППМД - Кавадарци, Цветанка Камчева
9. Субверзивен Фронт – здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста, Ангелина Иванова
10. Здружение за правата на Ромите – Штип, Шенај Османов
11. Здружение за заштита на правата на детето – ДЦИ Секција во Македонија, Ирена Велкоска
12. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите – Месечина – Гостивар. Мухамед Точи, Шпреса Бајрами

На ова Собрание, беше презентиран Годишниот извештај за работата на Коалицијата за 2018 година и беше усвоена Годишната сметка на Коалицијата за 2018 година.




*Годишно собрание, 2019 година*

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2019

## БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | | |
| 1 | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 12.093.344,00 | ден. |
| 2 | Сопствени приходи | 269.613,00 | ден. |
| | **Вкупни приходи:** | **12.362.957,00** | **ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1 | Потрошени материјали | 133.693,00 | ден. |
| 2 | Потрошена енергија | 46.704,00 | ден. |
| 3 | Други услуги | 129.542,00 | ден. |
| 4 | Превозни и транспортни услуги | 27.856,00 | ден. |
| 5 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 73.632,00 | ден. |
| 6 | Наемнини | 198.000,00 | ден. |
| 7 | Други материјални расходи | 408.819,00 | ден. |
| 8 | Провизија за платниот промет | 60.841,00 | ден. |
| 9 | Дневници за службено патување | 170.356,00 | ден. |
| 10 | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 6.088.600,00 | ден. |
| 11 | Членарини | 16.850,00 | ден. |
| 12 | Други расходи | 153.744,00 | ден. |
| 13 | Пренесени средства | 183.835,00 | ден. |
| 14 | Средства за опрема | 144.460,00 | ден. |
| 15 | Вкалкулирани плати | 850.073,00 | ден. |
| | **Вкупни расходи:** | **8.687.005,00** | **ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ)** | **3.675.952,00** | **ден.** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2019

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **СРЕДСТВА** | | |
| 1 | Опрема | 312.320,00 | ден. |
| 2 | Други материјални средства | 195.766,00 | ден. |
| 3 | Парични средства | 3.687.142,00 | ден. |
| 4 | Непокриени расходи | 13.563,00 | ден. |
| | **ВКУПНА АКТИВА** | **4.208.791,00** | **ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | |
| 1 | Деловен фонд | 508.086,00 | ден. |
| 2 | Пасивни временски разграничувања | 24.753,00 | ден. |
| 3 | Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 3.675.952,00 | ден. |
| | **Вкупни капитал и обврски** | **4.208.791,00** | **ден.** |

# КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

## Тимот на националната канцеларија на Коалицијата

| **НАТАЛИ ПЕТРОВСКА**<br>**ИЗВРШНА ДИРЕКТОРКА** | **ДАНИЕЛ МИТКОВСКИ**<br>**ФИНАНСИСКИ И АДМИНИСТРАТИВЕН МЕНАЏЕР** | **ДАРКО АВРАМОВСКИ**<br>**ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР** |
|---|---|---|
| **Моб:** 00 389 70 315990<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>npetrovska@all4fairtrials.org.mk | **Моб:** 00 389 71 343021<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>dmitkovski@all4fairtrials.org.mk | **Моб:** 00 389 75 588196<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>davramovski@all4fairtrials.org.mk |
| **ИВАНА ПЕТКОВСКА**<br>**ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА** | **ЕЛЕНА НАКОВСКА**<br>**ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА** | **ЛЕЈЛА ТУТИЌ**<br>**ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА** |
| **Моб:** 00 389 70 252993<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>ipetkovska@all4fairtrials.org.mk | **Моб:** 00 389 77 744327<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>enakovska@all4fairtrials.org.mk | **Моб**: 00 389 75 326466<br>**Тел/Факс**: 00 389 2 6139874<br>ltutic@all4fairtrials.org.mk |
| **АНАМАРИЈА СПАСЕВСКА**<br>**ПРОЕКТНА АСИСТЕНТКА** | **ТАМАРА ДИМИТРОВСКА**<br>**ПРОЕКТЕНА АСИСТЕНТКА** | |
| **Моб:** 00 389 72 249352<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>aspasevska@all4fairtrials.org.mk | **Моб:** 00 389 77 722591<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>tdimitrovska@all4fairtrials.org.mk | |

## Информации за Коалицијата:




Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“

ул. Македонија 11/2-10, Скопје, 1000

Тел/Факс: 00 398 2 6139874

www.all4fairtrials.org.mk

www.otvorenosudstvo.org.mk